Врз основа на член 50 став 1 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/02), а во врска со Програмата за кулура за 2019 година ("Службен гласник на Општина Центар бр.1/2019) Градоначалникот на Општина Центар-Скопје објавува

# О Г Л А С
## за доделување стипендии на талентирани ученици од областа на културата од општинските основни училишта на подрачјето на Општина Центар-Скопје за учебната 2019/2020 година

Општина Центар-Скопје за учебната 2019/2020 година ќе додели стипендии за талентираните ученици од VIII и IX одделение од општинските основни училишта на подрачјето на Општина Центар-Скопје.

### I.Услови за доделување стипендија

Учесниците на Огласот треба да ги исполнуваат следните услови:

- Да се ученици во општинските основни училишта од подрачјето на Општина Центар-Скопје,
- Кандидатите да се редовни ученици во VIII и IX одделение во општинските основни училишта од подрачјето на општина Центар и
- Да оствариле одличен успех во текот на школувањето од VI,VII и VIII одделение.

### II.Критериуми за доделување стипендија

Освоени награди од областа на културата (сите видови на уметност) од VI до IX одделение:

- I место општински натпревар (0,5 бода)
- I место градски натпревар (1 бод),
- I место регионален натпревар (1, 5 бода)
- I место државен натпревар (2 бода),
- I или II место меѓународен натпревар (3 или 2,5 бода)
- Награди од нелиценцирани организатори на натпревари не се земаат во предвид.

### III.Потребни документи

Со барањето учесниците на Огласот треба да достават:

- Потврда од училиштето дека кандидатот е редовен ученик во VIII и IX одделение во општинските основни училишта од подрачјето на општина Центар,
- Биографија на ученикот,
- Фотокопии од свидетелствата, од VI до VIII одделение,

- Фотокопиии од дипломи од освоени награди на натпревари од областа на културата од VI до VIII одделение

**IV.Висината на стипендијата и рангирање**

Висината на стипендијата ќе изнесува 2.500,00 денари и 3.000,00 денари месечно за осум месеци во текот на учебната година.
За освоени од 2 до 5 бода, висината на стипендијата изнесува 2.500,00 денари.
За освоени повеќе од 5 бода, висината на стипендијата изнесува 3.000,00 денари.

**V.Начин на пријавување**

Потребните документи да се достават до Архивата на соодветното Општинско Основно Училиште на подрачјето на Општина Центар. Пријавите ќе бидат разгледани од училишната комисија и рангирани ќе бидат доставени до општинската комисија за одлучување.

**VI.Рок на поднесување на документи**

Рокот за поднесување на документите е заклучно со 27.09.2019 година.
Документите на кандидатите кои не се комплетни и ненавремено доставени, нема да бидат разгледувани.